Уп. бр. 08-45

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија, преку полномошник Адвокатско Друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 27.03.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија стекнува единствена контрола над МДТ и Т претпријатие за медицинска дијагностика, терапија и технологија д.о.о., со седиште на Лавричева улица 1, 2000 Марибор, Словенија и МЕДИЛАБ, радиолошки дијагностички центар д.о.о., Љубљана со седиште на Водоводна цеста 100, 1000 Љубљана, Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 25.02.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија, со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., стекнува единствена контрола над МДТ и Т претпријатие за медицинска дијагностика, терапија и технологија д.о.о., со седиште на Лавричева улица 1, 2000 Марибор, Словенија и МЕДИЛАБ, радиолошки дијагностички центар д.о.о., Љубљана со седиште на Водоводна цеста 100, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о. е основан во 1992 и со тоа е првиот дијагностички центар во Словенија. На почетокот, неговата главна активност била гастроентерологија; во годините што следеа, неговиот обем на активности се зголемувал. Денес, единици на подносителот функционираат во Блед, Љубљана и Ново место.

Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о. ги обезбедува следните медицински клиники на пациентите: гастроентерологија, урологија, кардиологија, ортопедија, Х-зраци и ултразвук, алергологија, тиреологија, клиника за остеопороза, дерматологија, гинекологија, консултации за исхрана.

Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о. нема поврзани друштва со седиште надвор од Словенија.

Директни содружници на Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о. се Позаваровалница Сава д.д., Дунајска Цеста 56, 1000 Љубљана и Заваровалница Триглав д.д., Миклошичева цеста 19, 1000 Љубљана, Словенија, секој со 40% учество во основната главнина.

Позаваровалница Сава е крајно матично друштво на Сава Осигурување Групата.

Сава Осигурување Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Сава Осигурување АД Скопје со седиште на ул. Железничка бр. 41, 1000 Скопје, со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Сава Пензиско Друштво АД Скопје со седиште на ул. Димче Мирчев бр.20, 1000 Скопје, со приоритетна дејност дејности на управување со фондови,
- Сава Стејшн ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Жезезничка бр. 41, 1000 Скопје, со приоритетна дејност техничко испитување и анализа и
- ВИТА С ХОЛДИНГ ДОО Скопје со седиште на ул. 50та Дивизија бр. 24А, 1000 Скопје, со приоритетна дејност неспецијализирана трговија на големо.

Заваровалница Триглав е крајно матично друштво на Триглав Групата.

Триглав Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Триглав Осигурување АД Скопје со седиште на ул. Булевар 8ми Септември бр. 16, 1000 Скопје, со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Триглав Осигурување Живот АД Скопје со седиште на ул. Булевар 8ми Септември бр. 16, 1000 Скопје, со приоритетна дејност животно осигурување,

- Триглав пензиско друштво АД Скопје со седиште на ул. Булевар 8ми Септември бр. 16, 1000 Скопје, со приоритетна дејност дејности на управување со фондови и

- ТРИГЛАВ управување со недвижен имот ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Даме Груев бр. 8, петти кат, 1000 Скопје, со приоритетна дејност изнајмување и управување на сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

МДТ и Т Претпријатие за медицинска дијагностика, терапија и технологија д.о.о., обезбедува услуги главно во областа на радиолошката дијагностика (МРИ, рендген и ултразвучна дијагностика) кои денес се неопходни за проценка на здравствената состојба на пациентите. Покрај тоа, МДТ и Т Претпријатие за медицинска дијагностика, терапија и технологија д.о.о. обезбедува услуги и во областа на тирологијата.

МДТ и Т Претпријатие за медицинска дијагностика, терапија и технологија д.о.о. нема подружници, претставништва или филијали регистрирани во Северна Македонија, ниту генерира било каков приход на пазарот во Република Северна Македонија. Истото работи само на Словенечкиот пазар.

МЕДИЛАБ, радиолошки дијагностички центар д.о.о., Љубљана врши прегледи во нивниот дијагностички центар од 1997 година. Денес, МЕДИЛАБ, радиолошки дијагностички центар д.о.о., Љубљана врши магнетна резонанца (МРИ) и компјутерска томографија (КТ).

МЕДИЛАБ, радиолошки дијагностички центар д.о.о., Љубљана нема подружници, претставништва или филијали регистрирани во Северна Македонија, ниту генерирал било каков приход на пазарот во Република Северна Македонија. Истото работи само на Словенечкиот пазар.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**